**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-605/5**
**Скопје, 26.12.2006 година**

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за редовното работење на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за 2005 година и финансиските извештаи за локалните избори во 2005 година кои се прикажани на страните од 6 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2, член 5 став 1 од Законот за државна ревизија, Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија и член 26 од Законот за финансирање на политичките партии.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за редовното работење за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - ✓ Владо Бучковски - претседател на партијата;
   - ✓ Никола Ќуркчиев - генерален секретар;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 04.09 до 12.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со примената на законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско користење на средствата.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на политичката партија добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 0302 – 382 од 14/12/2006 година, потпишани од Генералниот секретар на партијата Горан Минчев, и тоа на точките 10.1.1. и 10.1.2, при што делумно е прифатена забелешката на точката 10.1.1, додека забелешката на точката 10.1.2. не е прифатена од страна на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за редовното работење и за локалните избори за 2005 година, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилности во примената на законските прописи

11.1.1. Врз основа на извршениот увид во неколку општински организации на партијата, констатирано е следното:

- Организациите за своето работење користат простории на единиците на локалната самоуправа на општините Центар и Карпош без надомест и без склучен договор за закуп (***Прилог 1.1.***). Согласно член 20 од Законот за финансирање на политичките партии, партиите не можат да се финансираат од единиците на локалната самоуправа.
  Дел од овие простории партијата ги издава на други правни лица (***Прилог 1.1.***) со или без надомест, поради што:
  - ✓ оштетена е општината за вредноста на закупнината на овие простории.
  - ✓ се избегнува плаќањето на данокот на додадена вредност, спротивно на Законот за данок на додадена вредност;
- Организациите немаат воспоставено систем на евиденција на приходите и расходите, односно побарувањата и обврските што ги остваруваат на локално ниво, односно за своите финансиски активности не ја известуваат централата на партијата. Со увид во документацијата поврзана со локалните избори во централата на партијата, ревизијата констатира дека се презентирани трошоци за мал број локални изборни штабови и тоа за Аеродром, Ѓорче Петров, Град Скопје, Штип, Охрид и Струмица.
  Во текот на локалните избори користени се простории како дисперзирани (месни) изборни штабови, возила и други средства, без надомест. Истите во финансиските извештаи не се наведени како донации, спротивно на член 15 од Законот за финансирање на политички партии.
  Поради наведеното, финансиските извештаи за редовното работење и локалните избори не се целосни и веродостојни и не ја искажуваат целокупната финансиска активност на партијата;

- За користење на површините на општините за организираните митинзи во градовите согласно Законот за комунални такси потребна е согласност од општината. На ревизијата не и беа презентирани барања од политичката партија, ниту решенија од општината, од што произлегува заклучок дека



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

користењето на наведените површини без решение од општината има третман на донација, што е спротивно на член 20 Законот за финансирање на политичките партии.

**Препораки и мерки**

За користење на деловни простори на други правни субјекти и површини на општините да се обезбедуваат соодветни документи (договори, фактури, решенија) со цел да се дефинираат обврските на политичката партија при користење на туѓи средства. Во спротивно, наведените услуги имаат третман на донација, согласно одредбите од член 15 од Законот за финансирање на политичките партии.

11.1.2. Врз основа на спроведената продолжена ревизија во поврзани субјекти, констатирано е следното:

- Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на партијата и издава деловен простор на повеќе локации, врз основа на склучени договори, без надомест.
- За локалните избори користени се услуги за превоз од Јавното сообраќајно претпријатие со пониска цена од пазарната.

Разликата помеѓу пазарната и фактурираната вредност согласно член 15 од Законот за финансирање на политичките партии има третман на донација. Во текот на ревизијата побарани се официјални ценовници од јавните претпријатија за извршените услуги на политичката партија, но до денот на ревизијата не е добиен одговор, поради што ревизијата не може да ја квантифицира вредноста на донацијата.
Согласно член 20 од истиот Закон, политичките партии не можат да се финансираат од јавни претпријатија, од што произлегува дека политичката партија противправно користела државни средства.

**Препораки и мерки**

Доколку донацијата потекнува од субјектите наведени во член 20 од Законот за финансирање на политичките партии (во овој случај се работи за јавни претпријатија), политичката партија е должна во рок од десет дена од добивањето на донацијата да го извести донаторот за одбивање на донацијата и истата да ја врати во рок од 30 дена.

## 11.2. Неправилности во искажување на билансните

11.2.1. Врз основа на спроведена продолжена ревизија во Управата за јавни приходи, констатирано е дека е склучен договор бр 0306-237/1 на 15.12.2005 година. помеѓу СДСМ и Управата за издавање на деловен простор под закуп.
Со увид во Билансот на состојба на партијата, ревизијата констатира дека се потценети позициите Други краткорочни побарувања и Пасивни временски разграничувања во износ од 336 илјади денари за неискажани побарувања за закупнина од издавање на деловен простор под закуп на Управата за јавни приходи.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
***Палата Македонија - Скопје***
тел:211-262, факс:126-311 -----------------------------

**Препораки и мерки**

Политичката партија да ги применува одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и да ги евидентира побарувањата и обврските благовремено во моментот на извршената трансакција и издадениот сметководствен документ.

12. Според наше мислење, освен наодите наведени во точките 11.1 и 11.2. финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за редовното работење и локалните избори за 2005 година ја даваат вистинската и објективна слика за финансиските активности на партијата и тоа во делот на примените донации и видот на остварените приходи.

13. Според наше мислење, освен наодите наведени во точките 11.1 и 11.2. кај Социјалдемократскиот сојуз на Македонија е остварено законско користење на средствата во финансиските трансакции искажани во финансиските извештаи за 2005 година.

**14. Обелоденување**

14.1. За годишно финансирање на политичките партии, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија како носител на коалиција на локалните избори, од Буџетот на Република Македонија требало да добие средства во износ од 8,987 илјади денари. Исто така, од буџетите на локалната самоуправа како надоместок за организирање на изборната кампања за локалните избори на носителот му следуваат 8,002 илјади денари. Овие средства согласно член 12 од Законот за финансирање на политичките партии, носителот на коалицијата треба да ги распредели врз основа на предизборен договор со коалиционите партнери. Доколку не постои предизборен договор, Законот предвидува распределба на еднакви делови, што не е направено од страна на СДСМ туку Министерството за финансии извршило распределба по сопствени критериуми, со што коалиционите партнери се оштетени за износот кој законски им следува.
Распределбата на средствата од Буџетот на Република Македонија е извршена врз основа на Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии во кое не е наведен критериумот за исплата согласно резултатите од последните локални избори, предвидено со член 10 од Законот за финансирање на политичките партии. (Наод бр 11.1.2 од Извештајот на Државниот завод за ревизија за Министерство за финансии-функции на државата, бр 1003-467/3). Поради тоа коалицијата За Македонија заедно, чиј носител е СДСМ, од Буџетот на Република Македонија има добиено 4,784 илјади денари повеќе од она што законски и следува**.(Прилог 2)**

14.2. Ревизијата не доби прецизни и детални информации од Советот за радиодифузија за закупените рекламни термини на политичките партии кај медиумите за време на локалните избори, односно во извештаите не е детално разработено времетраењето на спотовите што е основа за реална пресметка.
Исто така, давателите на услугите не доставиле официјални ценовници до политичките партии, што претставува нивна обврска согласно член 15 од Законот за финансирање на политичките партии. Поради тоа ревизијата не можеше да ја квантифицира разликата помеѓу пазарната и фактурираната вредност на добиените услуги од националните, локалните и печатените



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311 -----------------------------

медиуми како и од рекламните паноа низ поголемите градови во државата, за организација на митинзи и средби со граѓаните.

Овие разлики согласно член 15 од наведениот закон претставуваат донации и истите не се искажани, што доведува до нереално и необјективно прикажување на:

- вкупните добиени донации во кварталните извештаи спротивно на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии и
- вредноста на изборната кампања на локалните избори.

14.3. При издавањето на публикациите за изборната кампања не е искажан тиражот на истите. Според член 48 од Законот за култура под издавачка дејност се подразбира издавање публикации со уметничка, научна и образовна содржина во книжен и електронски облик, при што публикацијата може да биде книга, електронско издание, брошура, списание, плакат и други авторски дела. Членот 49 од истиот закон пропишува дека на секоја публикација се отпечатува покрај останатото и тиражот на публикацијата, со исклучок кога се работи за помали публикации како проспект, разгледница и слично кога не е потребно да се наведе тиражот на материјалот. Недореченоста во законската регулатива, во делот што е критериум за бројот, односно големината на публикацијата и видот на публикацијата која треба да ги содржи елементите наведени во член 49 од Законот за култура е искористена од страна на политичката партија, поради што ревизијата не можеше да се увери во веродостојноста на добиените фактури од добавувачите а со тоа и во висината на трошоците за печатарски услуги.

14.4. Ревизијата смета за неопходно да обелодени дека со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година констатирана е започната правна постапка за утврдување на сопственоста на повеќе објекти низ Републиката и истата е сеуште во тек.

14.5. Законодавецот во Изборниот законик нема пропишано официјална форма на финансиските извештаи за прикажување на финансиските активности во изборните кампањи, ниту има пропишано казнени одредби за донаторите кои го надминуваат законски утврдениот лимит за донациите и казнени одредби за давателите на услугите за недоставувањето на официјалните ценовници до партиите што е законска обврска.

14.6. Претходно наведеното има влијание во преземање на мерки од страна на Управата за јавни приходи кон давателите на услугите согласно Законот за ДДВ во делот за неискажаните донации.

14.7. Доколку се земат во предвид податоците искажани во точките од 13.1 до 13.6. од Обелоденувањата како непријавени донации кои не можат да се искажат во финансиските извештаи произлегува дека средствата потрошени за кампањата на политичката партија го надминуваат износот прикажан во финансиските извештаи.

**Скопје, 22/12/2006 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* ***Овластен Државен ревизор***
***Палата Македонија - Скопје***
тел:211-262, факс:126-311 -----------------------------

## Социјалдемократски сојуз на Македонија
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло жenија | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарина, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1. | 18,062 | 19,389 |
| Вонредни приходи | 3.2. | 14,425 | 44,698 |
| **Вкупни приходи** | | **32,487** | **64,087** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 3.3. | 17,426 | 39,451 |
| Други расходи | 3.4. | 583 | 1,004 |
| Издатоци за меѓународна соработка | 3.5. | 654 | 265 |
| Пренесени средства на други субјекти | 3.6. | 144 | - |
| Капитални и други средства | 3.7. | 2,493 | 16,424 |
| Помошти, донации и други давачки | 38 | 100 | - |
| Плати и надомести од плати | 3.9. | 7,400 | 6,902 |
| **Вкупни расходи** | | **28,800** | **64,046** |
| **Вишок на приходите над расходите** | | **3,687** | **41** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

## Социјалдемократски сојуз на Македонија
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2005 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-жениja | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 6,355 | 776 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6,355** | **776** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 65,164 | 64,377 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **65,164** | **64,377** |
| **Вкупна актива** | | **71,519** | **65,153** |
| **Пасива** | | | |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Добавувачи | 4.3.1. | 5,447 | 3,514 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 3,687 | 41 |
| **Вкупни краткорочни обврски** | | **9,134** | **3,555** |
| **Извори на средства** | | | |
| Деловен фонд | 4.4.1. | 62,385 | 61,598 |
| **Вкупно извори на средства** | | **62,385** | **61,598** |
| **Вкупна пасива** | | **71,519** | **65,153** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311 -----------------------------